Уп. бр. 08-108

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото САЛУС, Трговија на големо, д.о.о., со регистрирано седиште на Литостројска улица 46А, 1000 Љубљана, Словенија преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 22.07.2025 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која САЛУС, Трговија на големо, д.о.о., со регистрирано седиште на Литостројска улица 46А, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне единствена конрола над ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о. со регистрирано седиште на Улица Минарикова бр. 6, Марибор, Словенија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиадминистративна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 03.07.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на САЛУС, Трговија на големо, д.о.о., со регистрирано седиште на Литостројска улица 46А, 1000 Љубљана, Словенија, со која САЛУС, Трговија на големо, д.о.о. ќе стекне единствена конрола над ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о. со регистрирано седиште на Улица Минарикова бр. 6, Марибор, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон

истото и дополннително доставените податоци го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

- **САЛУС, Трговија на големо, д.о.о.** е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на САЛУС, Љубљана, д.д. (*SALUS, Ljubljana, d.d.*) кое е матично друштво на групацијата на друштва Салус. Групацијата Салус го генерира најголемиот дел од своите приходи преку своите претпријатија-ќерки САЛУС, Трговија на големо, д.о.о. и Санолејбор д.д. (*Sanolabor d.d.*) чии главни дејности се трговија на големо (Салус и Санолејбор д.д.) и трговија на мало (Санолејбор д.д.) со лекови, фармацевтски производи, медицински помагала, медицинска опрема и материјали. Друштвата во рамки на Групацијата Салус нудат и услуги за складирање, регулаторни, фармаковигилантни услуги, фармацевтски маркетинг и промоција, фармакоекономија.

САЛУС, Трговија на големо, д.о.о. е активно главно во областа на трговија на големо со лекови во хуманата и ветеринарната медицина, на пазарот на големопродажба на медицински помагала и трговија на големо со други производи (додатоци во исхраната, козметички производи, храна итн.).

Во Северна Македонија, Групацијата Салус е активна преку своето поврзано друштво:

-**Друштво за трговија, застапништво и маркетинг ЦАРСО ПХАРМ ДООЕЛ Илинден** , и адреса 34 бр. 5А, Илинден, Република Северна Македонија.

ЦАРСО ПХАРМ ДООЕЛ е активно во застапување и маркетинг на трговски марки на водечки производители на фармацевтски производи, односно приоритетна дејност– Сите останати стручни, научни и технички дејности, н.д.м и други дејности– Трговија на големо со фармацефтски производи (дејност во внатрешниот промет).

-**ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о.** е друштво со ограничена одговорност со седиште во Марибор. Друштвото е активно главно во областа на трговија на големо со лекови во хуманата медицина. Покрај тоа, друштвото се занимава со продажба на ветеринарни лекови, медицински помагала и други производи (додатоци во исхраната, козметички производи, храна итн.). Главни клиенти на компанијата се аптеките и медицинските установи.

Претпријатието-ќерка на Фармадент трговија, производство и услуги д.о.о., ГоФарм, исто така се занимава со трговија на големо со лекови во хуманата медицина и продажба на други производи за здравствена заштита и благосостојба.

Фармадент трговија, производство и услуги д.о.о. и ГоФарм д.о.о. не се активни во Северна Македонија истите немаат никаков имот и не оствариле никаков промет во Северна Македонија во 2024 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и (2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за*

*заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**